„Дали сакате да ви раскажам нешто за Деџалот, нешто што ниеден веровесник досега не им го раскажал на својот народ? Тој е слеп на едното око, а со себе ќе носи нешто што ќе изгледа како Џенет и Оган

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, пренесува: Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Дали сакате да ви раскажам нешто за Деџалот, нешто што ниеден веровесник досега не им го раскажал на својот народ? Тој е слеп на едното око, а со себе ќе носи нешто што ќе изгледа како Џенет и Оган. Она за што ќе тврди дека е Џенет, всушност е Оганот. Ве предупредувам за него, исто како што и Нух го предупредувал својот народ.“

[صحيح] [متفق عليه]

Божјиот веровесник, салаллаху алејхи ве селем, ги извести своите асхаби за Деџалот, за неговите карактеристики и знаци, откривајќи нешта кои ниеден веровесник пред него не ги споменал. Дел од тие информации се: Дека тој е слеп на едното око. Дека Возвишениот Аллах ќе му даде нешто што во човечките очи ќе изгледа како Џенет и Оган. Но, всушност, неговиот „Џенет“ е Оган, а неговиот „Оган“ е Џенет. Кој ќе му се покори, тој ќе го внесе во тој „Џенет“, кој во очите на луѓето изгледа како Џенет, но всушност е Оган. А кој ќе му се спротивстави, тој ќе го внесе во тој „Оган“, кој во очите на луѓето изгледа како Оган, но, всушност, е прекрасниот Џенет. Потоа, Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, нè предупреди за искушението на Деџалот, исто како што и Нух го предупредувал својот народ.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/3110